Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Генерален секретаријат**
Одделение за соработка со невладини организации

---

# Н А Ц Р Т - И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТА НАСОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО 2018 ГОДИНА

Скопје, декември 2018 година

## 1. Надлежности и состав на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор е формиран со решение на Владата на Република Македонија бр.24-3999/1 од 3.4.2018 година, („Службен весник на РМ“ бр.66/18)[1], а врз основа на член 3 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17).

Советот е составен од 31 член назначени од Владата, од кои 15 членови од редот на вработените во органите на државната управа, на предлог од Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и Агенцијата за млади и спорт и 16 членови на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, преку јавен повик, од следните области: развој на граѓанскиот сектор, демократија и владеење на правото, промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, економски и одржлив развој, наука,

[1] Согласно Решението за назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.24-3999/1 од 3.04.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.66/18), Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор работеше во состав: претседател на Советот: Фани Каранфилова-Пановска - Фондација Отворено општество-Македонија, потпретседател: Гордана Гапиќ-Димитровска - Министерство за информатичко општество и администрација и членови: Славјанка Петровска- Министерство за внатрешни работи, Миљазим Мустафа-Министерство за правда, Катерина Јовчевска – Министерство за финансии, Софија Кузмановска – Министерство за економија, Маја Лазареска Јовеска - Министерство земјоделство, шумарство и водостопанство, Ангелина Бачановиќ - Министерство за здравство, Сафет Незири- Министерство за образование и наука, Душан Томшиќ - Министерство за труд и социјална политика, Ели Чакар - Министерство за локална самоуправа, Гордана Ивановска Велковска - Министерство за култура, Сашо Секуловски - Министерство за животна средина, Христина Конеска-Бероска - Секретаријат за европски прашања, Суеда Бајрами - Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Сабина Факиќ- Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, Уранија Пировска - Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, Марјан Николов - Центар за економски анализи Скопје, Мимоза Богданоска Јовановска - Македонско научно друштво Битола, Зоран Илиески - Коалиција на младински организации Сега Прилеп, Марио Јанчев - Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Јасна Мандиќ - Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје, Ирена Цветковиќ - Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Елизабета Божиноска - Здружение на граѓани ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Лилјана Јоноски - Здружение Рурална коалиција Куманово, Јане Чаловски - Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје, Бесим Небиу - Здружение на новинарите на Македонија Скопје, Ана Чоловиќ Лешоска - Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје, Силвија Митевска - Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје и Андреја Стојковски - Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии. Согласно Решението за назначување член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр. 24-6481/1 од 26.06.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.123/18) од 26.6.2018 година за член на Советот е назначен Дарко Каевски од Агенцијата за млади и спорт. Согласно Решението за разрешување и назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.24-10871/1 од 4.12.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.228/18) од должноста членови на Советот се разрешени Катерина Јовчевска и Андреја Стојковски, а на нивно место за членови на Советот се назначени Виктор Митевски – Министерство за финансии и Љупчо Петковски - Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии.

образование и доживотно учење, млади, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализираните лица, родова еднаквост, заштита на здравјето, земјоделство и рурален развој, култура, медиуми и информатичко општество, заштита на животната средина, спорт и ЕУ интеграции и политики. Мандатот на претседателот и членовите на Советот е три години, со право на уште еден избор.

Советот, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор е надлежен да: ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор; иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите; дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанскиот сектор; го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор; учествува во подготовката и го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата; дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната управа и дава препораки за нејзино унапредување; дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот на Република Македонија; ги разгледува годишните извештаи на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки; разгледува предлози на организации и зазема ставови по прашањата од негова надлежност; усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страната на Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор и го доставува до Владата и јавноста за информирање.

Административно-техничките работи на Советот ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации.

## 2. Активности на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во текот 2018 година

Советот во текот на своето осуммесечно работење го донесе Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и воспостави своја веб-страница, како посебен дел на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија www.nvosoraboka.gov.mk.

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, во рамките на твининг проектот „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“ финансиран од Европската Унија и спроведуван од Канцеларијата за соработка со НВО на Владата на Република Хрватска, во јуни

2018 година организираше две работилници за членовите на Советот, за оперативно планирање и за ефективна комуникација.

На 5.7.2018 година се одржа тркалезна маса на тема „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“, за презентација на клучните мерки од Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и улогата на Советот во спроведувањето и следењето на овој стратешки документ.

На 7.12.2018 година, во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар, се одржаа консултации со граѓанските организации за Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, изработен од работна група формирана од Советот.

## 3. Седници на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2018 година

Советот за соработка со развој на граѓанскиот сектор во текот на 2018 година одржа вкупно осум седници, вклучувајќи ја и конститутивната седница одржана на 16.04.2018 година.

На конститутивната седница поздравно обраќање имаше г-ѓа Радмила Шекеринска-Јанковска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, која го потенцираше значењето на седниците на Советот, како начин преку кој со соработка со граѓанскиот сектор може да се помогне во остварување на Владините приоритети. На оваа седница, Советот формира работна група за изработка на Деловник за својата работа, во состав: Гордана Гапиќ-Димитровска, Уранија Пировска, и Андреја Стојковски.

На седницата одржана на 14.5.2018 година, Советот по пат на тајно гласање избра претседател од членовите од редот на граѓанските организации, Фани Каранфилова-Пановска и заменик претседател од редот на членовите од органите на државната управа, Гордана Гапиќ-Димитровска и донесе Деловник за својата работа. На истата седница, Советот го разгледа документот: Експертско мислење и препораки - Анализа на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на брзиот твининг проект „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“, спроведуван од Канцеларијата за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска и заклучи мислењето да го има во предвид при евентуално иницирање измени на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

На тематските седници на Советот, кои се одржаа на 30.5.2018 година и 13.6.2018 година, беше разгледанана Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020. Советот утврди мислење до Владата на Република Македонија, со забелешки и препораки, што беа инкорпорирани во текстот на Стратегијата и Акциски план, усвоени од Владата на седницата одржана на 9.10.2018 година.

На петтата седница одржана на 13.9.2018 година, Советот ги разгледа заклучоците од јавната дебата „Игра на среќа врз несреќните – јаболко на

раздорот“, одржана на 6.7.2018 година во организација на Полио Плус – движење против хендикеп и достави писмено известување до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии, со препорака да ги имаат предвид заклучоците од оваа јавна дебата со цел реформа на начинот на финансирање на организациите на лица со хендикеп и воспоставување модел кој ќе ѝ овозможи на државата потранспарентно и целисходно да ги дистрибуира средствата од игрите на среќа и забавни игри кон организациите на лица со хендикеп. По повод Анализата на Законот за сметководство на непрофитните организации, подготвена во рамките на проектот „Промени за одржливост“, финансиран од Европската Унија, Советот препорача во рамките на проектот да се организираат дополнителни консултации (работилница), со учество на членови на Советот од редот на граѓанските организации и ресорните министерства, заради утврдување заеднички став за препораките за измени на Законот за сметководство на непрофитните организации.

На шестата седница одржана на 9.10.2018 година, Советот расправаше по материјалите на Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-Свест за учество на јавноста во донесување одлуки во област на животната средина (Информација за учеството на јавноста во процесот на изготвување на Стратегијата на развој на енергетиката на Република Македонија, Информација за учеството на јавноста во донесувањето одлука во врска со проектот „Национален гасовод-делница 5-Скопје-Тетово-Кичево“ и Информација за учеството на граѓанскиот сектор во донесувањето одлука во врска со случајот „Национален парк Маврово и планираните хидропроекти на неговата територија“) и го задолжи членот на Советот од областа заштита на животната средина да подготви предлог-мислење. Советот се информираше и со резултатите од објавениот повик до граѓанските организации во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD) во пет општини (Гостивар, Кавадарци, Куманово, Струмица и Ресен) и заклучи да се разгледаат можностите и да се предложат мерки за подобрување на капацитетите на организациите кои делуваат локално. На оваа седница, Советот ја разгледа и Студијата за политики - Физичките лица во системот на ДДВ и владеењето на правото во Македонија со посебен осврт и предлог-решенија во делот на авторските договори, подготвена од Центарот за економски анализи и Finance Think и ја достави студијата до Министерството за финансии, со цел да се имаат предвид заклучоците и препораките содржани во неа. На барање на Министерството за внатрешни работи, Советот номинираше тројца членови од редот на граѓанските организации во Работната група за реформи на безбедносниот систем, со фокус на Управата за безбедност и контраразузнавање (проф. д-р Гордан Калајџиев, Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија; м-р Магдалена Ламбовска, Здружение за истражување на политики Аналитика и Александар Стојановски, Евротинк - Центар за европски стратегии). Советот констатираше дека на барање на Андреја Стојковски член на Советот од редот на организациите во областа „ЕУ интеграции и политики“, му престанува членувањето во Советот и го задолжи Одделението за соработка со невладини организации да објави Јавен повик за избор на член на Советот. Членовите Ирена Цветковиќ, Елизабета Божиновска и

Јане Чаловски беа назначени да присуствуваат при изготвување на извештајот за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот повик и листата на кандидати според бројот на добиени гласови во областа „ЕУ интеграции и политики". Советот на оваа седница формираше и Работна група за изработка на предлог модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, во состав: Фани Каранфилова Пановска, Ана Чоловиќ Лешоска, Уранија Пировска, Марјан Николов, Сабина Факиќ, Лилјана Јоноски и Христина Конеска Бероска.

На седмата седница одржана на 26.11.2018 година, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Предлог-Законот за социјална заштита, кој предвидува квалитетно унапредување на услугите во оваа област и позитивно го оцени консултативниот процес со граѓанските организации организиран од Министерството за труд и социјална политика. Советот се информираше со Хронологијата на напади на ЛГБТИ Центарот за поддршка и Анализата за поврзаноста на говорот на омраза со делата од омраза за периодот 2014-2018 септември, подготвен од Здружението Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје и го задолжи членот на Советот во областа промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, да подготви предлог-мислење на Советот со конкретни барања и предлози за преземање на мерки од надлежните институции. На оваа седница, Советот формираше Работна група за изработка на План за комуникација на Советот, во состав: Ели Чакар, Сабина Факиќ, Ирена Цветковиќ и Павлина Симоновска - претставник од Здружението Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје.

На осмата седница одржана на 11.12.2018 година, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор отвори начелна расправа по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година и оцени дека планираните 12.000.000 денари во Предлог-Буџетот на Република Македонија за 2019 година не се во согласност со заложбите на Владата на Република Македонија содржани во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за подобрување на одржливоста на граѓанските организации преку државна финансиска поддршка со воспоставување на скалесто зголемување на државните средства за поддршка на граѓанскиот сектор секоја година. Советот не водеше конкретна расправа по областите и специфичните приоритети од Предлог-програмата, бидејќи не бил спроведен консултативен процес со граѓанските организации.

## 4. Заклучни согледувања и препораки

*(ќе се утврдат на седница на Советот)*

Подготвиле: м-р Елпида Петковска и Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска